Министерство за животна средина и просторно планирање

Влада на Република Македонија

MKM institute

institute for sustainable development and climate change management

# ПРВО ИЗВЕСТУВАЊЕ

# ЧЕТВРТА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Хотел Сириус, Струмица,
17 Ноември, 2017

Министерство за животна средина и просторно планирање

Влада на Република Македонија

MKM institute

institute for sustainable development and climate change management

7 Октомври, 2017

# ЧЕТВРТА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

## Почитувани,

МКМ Институт за одржлив развој и управување со климатски промени има чест и задоволство да ја најави Четвртата меѓународна конференција за климатски промени, која ќе се одржи во хотел Сириус, Струмица, на 17 Ноември 2017 година. Организацијата на оваа Конференција е поддржана од Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Земајќи го во предвид моменталниот развој на политиките за климатски промени во земјата, Конференцијата има за цел да ја вклучи науката во јавната дебата и да се олесни трансферот на знаење за критички прашања од областа на климатските промени.

Целта на овогодинешната Конференција за климатски промени е да придонесе кон промовирање на Парискиот Договор за климатски промени и зајакнување на имплементацијата на Рамковната Конвенција на Обединетите нации за климатски промени, вклучувајќи ги нејзините цели за зајакнување на глобалниот одговор на заканите од климатските промени, во контекст на одржливиот развој и напорите за искоренување на сиромаштијата.



Министерство за животна средина и просторно планирање
Влада на Република Македонија

MKM institute
institute for sustainable development and climate change management

# Локација и сместување

Четвртата меѓународна конференција за климатски промени ќе се одржи во Хотел Сириус, во Струмица (http://www.hotel-sirius.com.mk/).

Со оглед на тоа што настанот е еднодневен, н е обезбедено сместување за учесниците. Организаторот може да обезбеди сметување во Хотел Сириус, на барање на учесниците. Организаторот обезбедува транспорт од Скопје до Струмица за учесниците. Деталите за транспортот ќе бидат објавени дополнително.

# Комитети на Конференцијата

Научен комитет на еминентни научници, претставници од 10 земји.
Претседател на научниот комитет: Нано Ружин
Комитет за издавање
Комитет за сертификација



# Апстракти и научни трудови

Службен јазик на Конференцијата е англискиот јазик. Научните субјекти кои планираат да го дадат својот придонес, потребно е првично да достават само апстракти.
Се препорачува поднесување во електронска верзија (во MS Word формат) преку e-mail.
Апстрактите треба да бидат со приближно 250 зборови и треба јасно да го нагласат научниот придонес на предложената презентација, користена Методологија/ пристап и очекувани резултати. На крајот од апстрактот, авторите треба да наведат пет (5) научни библиографски референци. Апстрактите ќе бидат прегледувани од страна на Научниот Комитет пред да бидат прифатени и одобрени за презентација. Се замолуваат авторите да наведат податоци за нивната професија, контакт детали и на која од подолу наведените теми и области се однесува нивната работа.
Рок за испраќање на апстрактите е 05.11.2017 година.
Авторите чиишто апстракти се прифатени и ќе бидат презентирани, ги замолуваме да се регистрираат најдоцна до *10 Ноември, 2017.*
Книгата на апстракти (апстрактите кои ќе бидат прифатени и нивниот автор ќе биде регистриран), ќе биде издаден и дистрибуиран со Програмата за Конференцијата.
Зборникот на трудови (ISSN број предвиден за електронска верзија), ќе ги содржи и материјалите што ќе бидат презентирани за време на Конференцијата. Со самата регистрација, авторите се согласуваат нивната презентација да биде вклучена во Зборникот на трудови. Авторите треба да ги достават целосните научни трудови откако ќе бидат информирани дека нивните апстракти се прифатени. Сите презентации ќе бидат поставени на веб-страната на Конференцијата. Големината на презентацијата и на целиот научен труд не треба да биде повеќе од 5MB. Научните трудови презентирани на Конференцијата, врз основа на писмено изразување на интерес од нивните автори, ќе бидат објавени во Меѓународното Списание "Sustainability". Доставениот труд, треба да биде подетална и разработена верзија на научниот труд објавен во Зборникот на трудови.

Апстрактите треба да бидат доставени по електронски пат до: maja@mkm.mk – (Контакт лице: Маја Марковска).

Сите прифатени научни трудови ќе бидат објавени во Меѓународното списание "Sustainability" бр. 2 со ISSN број.

- Универзитетски трудови
- Наставнички трудови
- Студентски трудови

Зборникот на конференцијата (ISSN број обезбеден за електронска верзија) ќе ги содржи сите материјали кои ќе бидат презентирани за време на Конференцијата.

# ТЕМИ

А. Политички прашања

А.1: Политики за климатски промени во животната средина
- Политики за заштита на животната средина (вода, бучава, здравје, загадување, екосистеми, биодиверзитет)
- Животна средина и економија на климатските промени
- Компаративни анализи на политиките
- Модели и симулации за прогнозирање климатски промени
- Проценка на политиките за климатски промени преку модели и методи
- Мерење и евалуација на влијанијата од климатските промени (воден циклус, шуми, екосистеми, биодиверзитет, земјишни региони, земјоделство, здравство, културно наследство)
- Политики за митигација (FVA, NAMA, ETS, MRV).
- Политики за адаптација
- Политики за митигација и адаптација (синергии, конфликти)
- Carbon markets
- Одржлив развој и политики за климатски промени
- Ранливост кон климатските промени
- Технологии за зафаќање и складирање на јаглерод диоксид
- Климатски промени и осиромашување на озонската обвивка
- Водни ресурси и климатски промени

А.2: Енергија
- Снабдување со енергија и геополитика
- Стратешко планирање на енергијата
- Анализа на енергетскиот систем, сценарија, моделирање и прогнозирање
- Еколошки, социјални и економски влијанија од енергетските политики и употреба

- Енергетски Интер конекции
- Трансконтинентални енергетски коридори
- Енергетска економија
- Регионални енергетски пазари на големо
- Анализа и оптимизација на енергетските процеси
- Енергетска сигурност и процена на ризик
- Системи за управување со енергијата
- Одлуки за поддршка на системите за управување во енергетскиот сектор

Овие генерални теми исто така се однесуваат и на следните полиња.

B. Обновливи извори на енергија (соларна енергија, ветар, хидроцентрали, геотермална енергија, биомаса, итн.)

B.1: ОИЕ

- Пречки за промоција на обновлива енергија
- Конкурентност и економичност
- Обновливи енергии во рурални области
- Намалување на емисии и промоција на ОИЕ
- Ранливост на ОИЕ
- ОИЕ пазари
- Нови технологии и апликации

B.2: Биогориво и биоенергија

- Стандарди за биогориво
- Биогориво и енергетска безбедност
- Нови биотехнологии
- Политики за промовирање на употребата на биогориво
- Глобална трговија и цени
- Пазари за биоенергија

C. Енергетска ефикасност и конзервација

- Оптимална употреба на енергетските ресурси
- Математички модели
- Техники и технологии за мерење и следење на потрошувачката на енергија
- Оптимизација на дневно и вештачко осветлување (зелено осветлување)
- Енергетски мрежи и децентрализирано производство (топлина и електрична енергија)
- Енергетски ефикасни згради со речиси нула емисии
- Енергетска инфраструктура со ниски јаглеродни емисии
- Транспорт со ниски јаглеродни емисии

D. Електрична енергија

- Создавање, пренос и дистрибуција, планирање и заштита

- Сигурност на електроенергетските системи и безбедност
- Планирање и управување со корпоративниот систем
- Политики на пазарот, структура и правила
- Моделирање и симулација на пазари и трансакции
- Техники за оптимизација
- Побарувачка и / или Управување со техники /Прогноза
- Оперативност, одржување, контрола и следење на состојбата на постројките и опремата
- Модерна технологија и техники и апликации за пресметување
- Онлајн мониторинг и дијагностицирање
- Дистрибуирана генерација, ко-генерација
- Производство на електрична енергија – конвенционално и обновливи
- Smart Grid технологии и решенија

Е. Конвенционални горива: нафта, гас, јаглен, лигнит

- Технологии и методологии на истражување за проценка на резервите: геолошки, геохемиски и геофизички
- Производство и транспорт
- Подобрено обновување
- Социо-економска анализа на експлоатација на резервите и транспортот на фосилни горива
- Дизајн, изградба и оперативност на цевководи
- Морски и железнички транспорт на јаглеводороди
- Чиста технологија на јаглен

Министерство за животна средина и просторно планирање

Влада на Република Македонија

# Котизација и Плаќање

| Категорија | Еден автор | Ко-автори |
|---|---|---|
| Докторанти; Наставници | 50 евра | 25 евра по автор |
| Студенти со одобрени трудови | 30 евра | 15 евра по автор |

Плаќањето може да биде направено со директно плаќање на целиот износ на сметката Милиеуконтакт Институт во НЛБ Тутунска Банка.

Плаќањето треба да биде извршено на следната сметка:

Име: МКМ Институт

Банка: NLB Тутунска Банка

Адреса: Бул "Мајка Тереза" бр.1, 1000 Скопје

Сметка: 210-070933220144

IBAN: MK 210-070933220144

SWIFT: TUTUN MK22

Корисник: МКМ

Плаќањето со кредитни картички не е прифатливо. После регистрацијата, организаторот ќе му издаде службена потврда на учесникот. Откажување е прифатливо најкасно до 5ти Ноември 2017. Во случај на откажување до овој датум, ќе се изврши 50% наплата на котизацијата, додека за откажување на резервацијата после 5ти Ноември 2017, нема да има враќање на котизацијата.

Учесниците треба да ја испратат формата за регистрација заедно со копијата од потврдата за уплата во банка, во спротивно нивата регистрација ќе се смета како некомплетна. Материјалите од конференцијата ќе бидат достапни само за оние кои се регистрирани. Формата за регистрација може да се превземе од веб-страната.

Се замолуваат учесниците на налогот од банката, како повикување да назначат "Четврта меѓународна конференција за климатски промени".

За плаќање преку институцијата, организација или компанија на учесникот и издавање на соодветна фактура, учесникот треба да го контактира организаторот и да ги прецизира овие работи пред одржување на настанот. Учесниците треба да ги обезбедат потребните податоци за да може организаторот да ја издаде фактурата пред или за време на Конференцијата.